# Инженерско совршенство и Агилен пристап во управувањето со критични инциденти во ИТ системи

**Кирил Џолев**

Дипломски труд · 2025

Ментор: проф. д-р Леонид Џиневски

Трудот ги истражува предизвиците со кои се соочуваат Agile тимовите при критични ИТ инциденти и начинот на кој практиките на Engineering Excellence можат да обезбедат постабилен и поодржлив инженерски одговор. Методологијата комбинира анализа на релевантна литература, реални случаи од развој на здравствени ИТ системи и структурирано квалитативно истражување преку прашалници со инженери, QA професионалци и тим-лидери во Agile средини. Анализирани се практики како автоматизирано тестирање, CI/CD, мониторинг, код ревизии, метрики и управување со ризици. Трудот заклучува дека Agile флексибилноста е поефективна кога е поддржана со силни инженерски стандарди и превентивни механизми, со што тимовите не само што реагираат побрзо на инциденти, туку градат и поголема отпорност кон идни дефекти.

**Клучни зборови: Агилен пристап · Инженерско совршенство · Управување со инциденти**